# ЛОСТ - Проект за стипендирање на студенти од семејства со ниски месечни приходи

ЕВН Македонија АД, Скопје распишува конкурс за доделување 10 стипендии за студенти чиј вкупен приход на семејството (родители/старатели и кандидатот) за 2022 година по сите основи не надминува нето износ од 438.000,00 денари, односно бруто износ од 657.000,00 денари.

Стипендијата е во висина од 10.000,00 денари месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, почнувајќи од 01.10.2023 заклучно со 31.07.2024, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

**Кој може да аплицира:**

- Студенти кои во учебната 2023/2024, зимски семестар, се запишале по прв пат во I, II, III и IV година,
- Студентите да се запишани и да студираат на енергетските насоки на Факултетот за Електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, Техничкиот Факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола и Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,
- Студентите да се од семејство со ниски месечни приходи, поточно во рамки на семејството да имаат месечни приходи не поголеми од 36.500,00 ден., и
- Студентите да не се корисници на стипендија или кредит од друга институција или компанија;

**Потребни документи за аплицирање:**

- Кратка биографија - CV (задолжително да содржи податоци за контакт телефон и е-маил адреса)
- Потврда за редовен студент запишан во зимски семестар за студиската 2023/2024
- Потврда/уверение од факултет за положени испити и постигнат успех во претходните години, освен за студентите кои се запишани во прва година
- Уверение/потврда од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по сите основи за претходната година за двајцата родители/старатели на кандидатот поединечно и за самиот кандидат
- Изјава дека не сте корисник на стипендија или кредит од друга институција, организација или компанија
- Изјава за согласност за обработка и користење на сопствените лични податоци и податоците од неговото потесно семејство за цели на стипендијата

**Начин и рок за аплицирање**

- Сите потребни документи испратете ги на stipendii@evn.mk со назнака во **subject: за стипендија**,
- Рок за аплицирање **до 16.10.2023**
- Некомплетните апликации и апликациите пристиганти по крајниот рок нема да бидат прифатени

**Информации за процесот на селекција**

- Сите апликации се разгледуваат и оценуваат од страна на Оддел за Човечки ресурси и организација
- Одделот за човечки ресурси и организација закажува интервју со секој апликант кој ги исполнува условите
- Податоците на апликантите се третираат доверливо
- По извршениот избор, апликантите се известуваат по е-маил за резултатите

**Обврски на корисникот на стипендијата:**

- Студиската година да ја заврши во рок
- Да има положено најмалку 70% од испитите од претходната година за продолжување на стипендијата
- Да извршува пракса во траење од најмалку 30 дена во текот на годината во ЕВН Македонија АД Скопје, односно во Друштвата во кои ЕВН Македонија е единствен содружник и основач

  Напомена: Во случај на утврдување на неточни податоци, доставени од страна на апликантот / стипендистот, ќе дојде до прекин на стипендирањето и враќање на веќе доделените средства.